ОПШТИНА
**КИСЕЛА ВОДА**
**2011**

# МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ СУШТИНАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА



# МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ – СУШТИНАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА



Општината Кисела Вода е една од најстарите општини во државава, по што можеби е и најмногу препознатлива, но она што како бренд се издвои во нејзиното суштествување е одличното функционирање на месните и урбани заедници на нејзината територија. Управувањето со територијата на Општина Кисела Вода е организирано преку 14 месни заедници од кои девет се урбани, а пет се рурални заедници. Ваквиот начин на организирање на локално ниво во Општината овозможува демократско и поефикасно исполнување на граѓанските интереси.

Во изминатиов тригодишен период воспоставивме добра практика за редовни средби со граѓаните во месните заедници, сметајќи дека токму таму е изворот на информации за проблемите на нашите сограѓани. Конкретно, низ призмата на бројките, сите 14 урбани и месни заедници ги посетивме во просек по четирипати годишно, што кажува дека во период од три години сме оствариле преку 150 средби со нашите сограѓани.

Но, она што е можеби и поважно е фактот дека сите проекти кои досега ги реализиравме се впрочем проектите кои нашите сограѓани на средбите ги истакнаа како приоритетни. Водевме сметка и за балансирани и еквивалентно распространети градежни активности низ сите населени места, имајќи ги во предвид токму приоритетите предложени од граѓаните.

Не изостанаа ниту капиталните проекти, со кои цениме дека ќе се решат децениските проблеми кои ги мачат жителите. Имено, во изминатата година, станавме една од првите општини во државава која успешно го помина трнливиот пат за одобрување на финансиски средства од Светската банка, за реализација на три капитални инвестиции.

Конечно, оваа година ќе дочекаме жителите на населбата Кисела Вода од улиците Мариовска, Народни Херои и Димо Хаџи Димов да заборават на поплавите, населбата 11-ти Октомври – бараки да го изгуби прекарот "Мала Венеција" по секој пороен дожд, а жителите на Пинтија во 21-от век да имаат вода за пиење.

Оваа брошура има за цел да потсети на активностите што беа спроведени во текот на 2011 година во сите месни и урбани заедници, но и да информира за сите активности кои општината ги реализираше минатата година во сите сфери на општественото живеење.

Градоначалник
Марјан Ѓорчев

# УРБАНА ЗАЕДНИЦА ПРЖИНО ВО 2011 ГОДИНА:



Адреса: Милан Мијалковиќ б.б.
Претседател: Владимир Сребров
Референт: Сузана Крстевска,
тел.071/391-164

1. Се изгради нова фекална канализација на ул. Кара Трифун со должина од 90 метри;
2. Се асфалтираше ул. Кара Трифун во должина од 90 метри;
3. Се изврши поплочување на тротоарите со павер елементи долж улицата Кочанска на површина од 600 квадратни метри;
4. Се отстрани долгогодишниот дефект на кабелот за уличното осветлување на ул. Пандо Кљашев и ул. Кавалска;
5. Се поставија нови сијалични бандери на улиците Рилски Конгрес и Кавалска;
6. Се реконструираа просториите во објектот на урбаната заедница;
7. Се изврши есенско сечење на гранки на улиците Милан Мијалковиќ, Кочанска, Кавалска, Мариовска и др.
8. Се поставија два големи контејнери за кабеста стока.







# УРБАНА ЗАЕДНИЦА ЦРНИЧЕ ВО 2011 ГОДИНА:



Адреса: Наум Охридски б.б.
Претседател: Петре Стефановски
Референт: Стојка Тасевска,
тел.071/391-167

1. Се постави нова цевка за фекалната канализација на крак од ул.Востаничка 80;
2. Се реконструираа просториите на објектот на урбаната заедница;

3. Се изврши есенско сечење на гранки на улиците: Наум Охридски, Чедомир Кантарџиев, Рилски Конгрес, Баница и др.
4. Се поставија два големи контејнери за кабеста стока.
5. Се изврши санирање на ударните дупки на неколку сервисни улици.







# УРБАНА ЗАЕДНИЦА БИРАРИЈА ВО 2011 ГОДИНА:



Адреса: Томе Арсовски б.б.
Претседател: Александар Велески
Референт: Каролина Сенкова, тел.071/391-174

1. Се изврши стручна презентација и изложување на два предлог ДУП-ови за делови од урбаната заедница Бирарија;
2. Се изврши есенско сечење на гранки на улиците: Фредерик Шопен, Томе Арсовски, Огњан Прица и др.
3. Се постави нова урбана опрема во паркот на ул.Томе Арсовски и во дворот на ОУ Кузман Јосифовски – Питу.
4. Се променија прозорците во ОУ Кузман Јосифовски – Питу.





# УРБАНА ЗАЕДНИЦА ЦВЕТАН ДИМОВ ВО 2011 ГОДИНА:



Адреса: Иван Козаров б.б.
Претседател: Киро Гочевски
Референт: Весна Димова,
тел.071/391-170



1. Се асфалтираше ул.Есенинова во должина од 150 метри;
2. Се асфалтираше ул.Вера Јоциќ во должина од 450 метри;
3. Се асфалтираше ул. Стојан Стојановски на површина од 500 квадратни метри;
4. Се изврши поплочување со павер елементи на улиците Киро Крстевски 1 и Киро Крстевски 2 во вкупна површина од 2600 квадратни метри, а на двете улици се изградија и тротоари;



5. Се изгради паркинг простор на ул. Димо Хаџи Димов со капацитет од 20 возила;
6. Се изврши реконструкција на водоводната мрежа со промена на водоводните цевки на улиците: Балканска, Жил Верн, Есенинова, Трпе Петровски и Јордан Филиповски;
7. Се изврши стручна презентација и изложување на два предлог плана за ДУП-ови за дел од УЗ Цветан Димов;
8. Се изврши есенско сечење на гранки на улиците: Есенинова, Јордан Филиповски, Вера Јоциќ, Жилн Верн, Киро Крстевски и др.;







## УРБАНА ЗАЕДНИЦА 11 ОКТОМВРИ-ЗГРАДИ ВО 2011 ГОДИНА:



Адреса: Ѓорѓи Сугаре б.б.
Претседател: Зоран Зарев
Референт: Роза Филиповска, тел.071/391-244

1. Се изгради нов јавен парк на ул. Михаил Чаков зад маркетот Цибус на површина од 3000 квадратни метри. Паркот хортикултурно се уреди, се изградија патеки со павер елементи, се постави нова урбана опрема и зимзелени садници;



2. Целосно се реконструираше со павер елементи трим патеката долж пругата во УЗ 11 Октомври - згради.
3. Се изгради нов јавен паркинг на ул. Ѓорѓи Сугаре бр. 16 на површина од 200 квадратни метри;
4. Извршено е асфалтирање на паркинг на ул.Народни Херои бр.19, 21 и 23;
5. Се изврши есенско сечење на гранки на улиците: Михаил Чаков, Народни Херои, Пушкинова и др.





# УРБАНА ЗАЕДНИЦА 11 ОКТОМВРИ-БАРАКИ ВО 2011 ГОДИНА:



Адреса: Ул. Петар Драпшин б.б.
Претседател: Васил Тасевски
Референт: Елизабета Тасевска,
тел.071/391-176

1. Започна изградбата на капиталниот проект за изградба на нова атмосферска канализација во должина од 5 километри.

2. Се изврши стручна презентација и изложување на три предлог плана за ДУП-ови за дел од УЗ 11 Октомври-бараки;

3. Се изврши есенско сечење на гранки на улиците: Добромир Хрс, Лазар Димитров, Спиро Гулапчев, Ефтим Спространов и др.






# УРБАНА ЗАЕДНИЦА КИСЕЛА ВОДА ВО 2011 ГОДИНА:




Адреса: Сава Ковачевиќ б.б.
Претседател: Перица Трајковски
Референт: Марија Захова, тел.071/391-177

1.Се реализираше капиталниот проект за изградба на атмосферска канализациона мрежа со 6 решетки на ул. Мариовска и ул.Народни Херои;

2. Се изгради нов јавен паркинг на површина од 1300 квадратни метри во населбата Расадник со капацитет од 150 паркинг места;

3. Се изгради нов детски парк на ул.Сава Ковачевиќ бр.11;



4. По повод патрониот празник на општината “6-ти Мај – Ѓурѓовден” се изврши целосна реконструкција на паркот “Македонија”, каде се поставија нови детски реквизити, нова урбана опрема и пешачки патеки, а во централниот дел се изгради импознатна фонтана од камен;

5. Се поплочија пешачки патеки со павер елементи, на површина од 200 квадратни метри, во паркот на ул. Сава Ковачевиќ во близина на автосевисот “Мечкаров”;



6. Се изгради нова фекална канализациона мрежа на ул. Марко Орешковиќ во должина од 490 метри;

7. Се изврши есенско сечење на гранки на улиците: Сава Ковачевиќ, Марко Орешковиќ, Ѓорѓи Димитров и др.

8. Се постави нова урбана опрема на повеќе локации;

9. Се уреди зелена површина на ул. Сава Ковачевиќ 47-3, зад градинката 8-ми Март.







# МЕСНА ЗАЕДНИЦА ПРИПОР ВО 2011 ГОДИНА:




Адреса: Сава Ковачевиќ б.б.
Претседател: Стојан Здравевски
Референт: Лила Здравеска тел. 071/262-883



1. Се поплочи со павер елементи ул.Сава Ковачевиќ бр.24;
2. Извршено е проширување на ул.Сава Ковачевиќ бр.14;
3. Се поплочи со павер елементи крак на локалниот пат Теферич на површина од 450 квадратни метри;
4. Поставени се нови бандери за улично осветлување на ул.Сава Ковачевиќ бр:14, 22, 24, 26 и 28;
5. Се изврши есенско сечење на гранки на повеќе краци од улицата Сава Ковачевиќ.
6. Се изгради потпорен ѕид на Теферич во должина од 43 метри и средна висина од 3,70 метри.





# МЕСНА ЗАЕДНИЦА УСЈЕ И СТАКЛАРА-КАМЕНИК ВО 2011 ГОДИНА:



Претседател: Влатко Здравковски (Усје)
Референт: Гоце Димитровски (Усје),тел.071/391-204
Претседател: Игор Митревски (Стаклара – Каменик), тел. 070/294-434

1. Се реализираше и последната фаза од новиот водовод за МЗ Усје со должина од 1400 метри;
2. Се изврши чистење на Усјанскиот канал во должина од 800 метри;
3. Се постави нов семафор на влезот во населеното место Усје, а се изврши и проширување на улицата;
4. Извршено е проширување на главната улица бр.1 со вкупна должина од 1000 метри;
5. Извршено е асфалтирање на крак од улица бр.1 со вкупна должина од 400 метри;
6. Изградено е ново детско игралиште кај месноста Крст со комплетно нови реквизити и урбана опрема;
7. Поставено е ново улично осветлување на улиците бр.1, 3 и 5.
8. Извршена е реконструкција на ул.Првомајска бр.34.







# МЕСНА ЗАЕДНИЦА ПИНТИЈА ВО 2011 ГОДИНА:



Адреса: Јабланица б.б.
Претседател: Милош Младеновски
Референт: Славица Илиевска,
тел.071/391-214

1. Започна втората фаза од капиталниот проект за изградба на водовод во вкупна должина од 10 километри;

2. Извршено е асфалтирање на два крака од ул.Саса бр.2 во вкупна должина од 200 метри;

3. Поставено е ново улично осветлување на улиците: Саса бр.18, Јабланица и Саса бр.2.







# УРБАНА ЗАЕДНИЦА Н.ДРАЧЕВО ВО 2011 ГОДИНА:



Адреса: Ратко Митровиќ б.б.
Претседател: Слободан Анастасовски
Референт: Наташа Анастасовска,
тел.071/391-230

1. Извршено е асфалтирање на ул. Малешевска 1 со должина од 1200 метри;
2. Извршено е асфалтирање на крак од ул. Малешевска 1 со должина од 50 метри;



3. Извршено е асфалтирање на друг крак од ул. Малешевска 1 со должина од 50 метри;
4. Извршено е асфалтирање на крак од ул. Малешевска 1 со должина од 300 метри;
5. Изградена е фекална канализација на ул. Киро Фетак 1 со вкупна должина од 400 метри;
6. Извршено е поплочување на ул. Киро Фетак 1 со павер елементи на површина од 2000 квадратни метри;
7. Започна изградбата на атмосферска и фекална канализација на ул. Киро Фетак во вкупна должина од 400 метри;




8. Се изгради мостовската конструкција на реката Мала Рада;
9. Се постави нова урбана опрема во парковите во н. Драчево;
10. Се реновираше и обнови со нови детски реквизити детското игралиште во дворот на градинките Пеперутка 1 и 2;
11. Започна да се реализира проектот за воведување на мерки за енергетска ефикасност во градинката Пеперутка 1 и 2.







# МЕСНА ЗАЕДНИЦА С.ДРАЧЕВО ВО 2011 ГОДИНА:



Адреса: Драчевска б.б.
Претседател: Борче Бабунски
Референт: Александра Сиљановска,тел.071/391-237



1. Се изгради нов плоштад на ул. Драчевска со комплетно нова урбана опрема, паркинг и фонтана на вкупна површина од 1100 квадратни метри;
2. Се изгради нова атмосферска канализација на ул. Китка во вкупна должина од 500 метри;
3. Извршено е комплетно асфалтирање на ул.Китка во вкупна должина од 500 метри;
4. Извршено е асфалтирање на ул. Методија Патчев во вкупна должина од 100 метри;
5. Поставени се нови бандери за улично осветлување на ул.Речиште (таорски дел);
6. Извршено е порамнување на полските патишта;





## МЕСНА ЗАЕДНИЦА ПОДСТАНИЦА ВО 2011 ГОДИНА:



Претседател:Стојановски Ристо
Референт: Игорче Арсовски,
тел.071/391-250

1. Се изврши чистење на каналот за отпадни води во месноста Подстаница;

2. Во соработка со ЕВН Македонија се изгради нов трансформатор за потребите на препумпната станица која ќе биде поставена во 2012 година;

3. Се изврши есенско сечење на гранки на повеќе краци од ул.Сердарот.





## ОБРАЗОВАНИЕТО, КУЛТУРАТА, СПОРТОТ И МЛАДИТЕ ВО 2011 ГОДИНА

### СВЕЧЕНО ОДБЕЛЕЖАН 21-ВИ ФЕВРУАРИ – СВЕТСКИОТ ДЕН НА МАЈЧИНИОТ ЈАЗИК




Општина Кисела Вода во соработка со сите 8 основни училишта свечено го одбележа 21-ви февруари - Светскиот ден на мајчиниот јазик со пригодна манифестација во основното училиште “Партение Зографски”. Чествувањето беше крунисано со доделувањето на наградите за најуспешните литературни и ликовни творби од конкурсот што по тој повод го распиша општината Кисела Вода. На конкурсот на тема: “Мајчиниот јазик – мојот прв збор мојата прва љубов” активно учество земаа сите 8 основни училишта на територија на Општина Кисела Вода.

### ПРОЕКТ “УСПЕШНО ОБРАЗОВАНИЕ И СРЕЌНИ УЧЕНИЦИ” ВО УЧИЛИШТАТА ВО ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Во 2011 година започна да се реализира  проектот ,,Успешно образование, среќни ученици”, чија цел е учениците со чувство на среќа и задоволство да имаат напредок  во животот и да постигнуваат успеси во текот на своето образование. Во проектот се вклучени  ученици од седмо и осмо одделение кои треба да го надминат стравот од неуспех во учењето и да учат само за оцена или на барање на родителите.



Со успешна реализација  на проектот  се очекува кај учениците да се зајакне самодовербата, учениците да бидат исполнети со позитивни чувства , училиштето да го доживуваат како место за свој личен развој,  учењето да им преставува  задоволство и  со леснотија да постигнуваат поголем успех не само во учењето  туку и животот.

Со реализацијата на овој проект се очекува учениците да ги осознаат вистинските животни вредности, да ја знаат вистинската улога на педагогот и психологот во училиштето, да практикуваат позитивно размислување во секојдневниот живот и да ги осознаат конкретните животни цели и начинот за нивно остварување.

## СЕ РЕАЛИЗИРАШЕ ПРОЕКТОТ “ЛИТЕРАТУРЕН КАРАВАН”



Општина Кисела Вода со цел да ја афирмира и популаризира македонската книжевност во 2011 година за првпат организираше Литературен караван низ сите осум основни училишта во општината. Во овој проект беа вклучени наши познати, признати и плодни писатели и поети кои со литературен збор и поетски глас продреа низученичките срца и примамија нови љубители на пишаниот збор. Покровител на проектот “Литературен караван” беше градоначалникот на општината Кисела Вода, г-нот Марјан Ѓорчев, кој воедно е и литерат, долгогодишен колумнист и автор на неколку книги. Литературниот караван ги обиколи сите осум основни училишта, а пред многубројните гости и ученици се претставија еминентните писатели Паскал Гилевски, Славка Арсова, Есад Бајрам и Наум Попески.



## ХУМАНИТАРЕН ВЕЛИГДЕНСКИ ХЕПЕНИНГ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА И ГРАДИНКИТЕ ВО КИСЕЛА ВОДА



По повод големиот христијански празник Велигден, општината Кисела Вода во соработка со сите осум основни училишта и двете јавни детски градинки традиционално организираше хуманитарен Велигденски хепенинг, на кој учениците од основните училишта и градинките ги изложија на јавна лицитација своите ракотворби кои беа во знакот на Велигден.

Средствата кои се собраа од лицитацијата беа наменети за хуманитарни цели.

## УЧЕНИЦИТЕ ОД КИСЕЛА ВОДА ГИ НАСЛИКАА УБАВИНИТЕ НА МАКЕДОНИЈА



Паркот кај поштата во населба Драчево, во месец Мај беше средиште на мултимедијален ликовно-музички хепенинг, на кој младите ликовни и музички уметници од основните училишта од општината Кисела Вода го покажаа својот талент. Под мотото “ЕУ види ги убавините на Македонија”, мултимедијалниот хепенинг кој го организираше општината, на едно место ги собра младите ликовни таленти кои имаа задача да ги насликаат убавините на Македонија, но и идните македонски музички ѕвезди, кои испеаа дел од македонските поп хитови.

Манифестацијата ја збогатија и најмладите музички таленти, кои настапија со свои песни, премиерно изведени на детскиот музички фестивал “Три Круши”.

Хепенингот имаше ревијален карактер, а сите учесници добија благодарници од општината Кисела Вода.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЧИЛИШТАТА И ГРАДИНКИТЕ ВО ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Во летниот период во сите основни училишта и јавните детски градинки се извршија реконструктивни работи, во смисла на реновирање на училници, промена на покриви, реконструкција на стара електрична инсталација, санирање на стари санитарни јазли, доградба на нови училници, смена на прозорци и врати, поставување на нова училишна ограда, реконструкција на фасадите. Во ОУ “Кузман Јосифовски – Питу” се изврши реконструкција на фасадата, се сменија старите прозорци со нови полиетиленски, се поставија нови врати на училниците и нова електрична инсталација за дел од училниците. Во ОУ “Круме Кепески” во летниот период, се изврши чистење на училишниот двор, а се изгради и ограда во должина од 217 метри. Истовремено, се изврши реновирање на неколку училници, се догради пристапниот влез во училишната зграда, а се изгради и пристапна рампа за хендикепирани лица. Во ОУ “Кузман Шапкарев” во Драчево, се извршија





реконструктивни зафати за промена на покривот, реновирање на спортската сала, поставување на бехатон плочки во училишниот двор, како и поставување на две пристапни рампи за лицата со посебни потреби.



Во ОУ "Кирил Пејчиновиќ" се изврши промена на санитарните јазли, а се изгради и нова училница за деветолетката.

И во ОУ "Невена Георгиева – Дуња" се санираа оштетените врати и прозорци, а се сменија славини и санитарните јазли. Основното училиште "Партение Зографски" еден од своите хангари со површина од 100 квадратни метри, го преадаптираше во нова училишна менза. Истовремено, во надворешниот дел се изгради мини – спортски полигон со десетина спортски реквизити. Во ОУ "Св. Климент Охридски" се постави нови детски реквизити во училишниот двор, а летниот период максимално се користи и за реновирање и подготовка на училишните и спортски згради за престојната учебна година. Во градинката "Пеперутка 1 и 2" се изврши реновирање и доопремување на игралиштето за деца во дворот на градинката.

Кон крајот на годината започна да се реализира проектот за воведување на мерки за енергетска ефикасност во ОУ "Партение Зографски", градинката "Пеперутка 1 и 2" и градинката "Синоличка". Реконструкцијата на објектите ќе опфати изградба на топлотна изолација на надворешните ѕидови, замена на маските на радијаторите, надградба на регулаторната топлотна трафостаница, замена на надворешните врати и прозорци, како и замена на светилките со нови и поекономични светилки.

## СЕ ОТВОРИ ШАХОВСКАТА ШКОЛА "РИСТО НИЧЕВСКИ"



Под покровителство на шаховскиот клуб БМ Кисела Вода, а со целосна поддршка од градоначалникот Марјан Ѓорчев и Советот на општината Кисела Вода, во месец Септември се отвори првата шаховска школа во општината. Оваа школа е именувана по доајенот на македонскиот шах Ристо Ничевски, кој почина на шаховската олимпијада во Ереван

во 1996 година. На свеченото отворање на шаховската школа, покрај градоначалникот Ѓорчев и претседателот на Советот на општина Кисела Вода, г-нот Звонко Спасовски, присуствуваше и синот на починатата шаховска легенда Ристо Ничевски, г-нот Дејан Ничевски, претседателот на шаховската федерација на Македонија, г-ѓата Лидија Софревска – Андонова, бројни интернационални и велемајстори на оваа игра, како и голем број вљубеници во шаховската игра. Шаховската школа ќе има за цел да да ги привлече младите, пред се учениците од основните училишта, да се заинтересираат за шаховската игра, да се зачленат во оваа шаховска школа и да го развијат својот интелект и натпреварувачкиот дух во себе.

## СЕ ФОРМИРАШЕ ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА

На иницијатива на градоначалникот Марјан Ѓорчев, а во соработка со МВР и ОБСЕ, на редовната 29-та пленарна седница на Советот на општината беше ставена и точката за формирање на Локалниот совет за превенција како советодавно и координативно тело на Општина Кисела Вода за остварување на соработка и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата.



Јана Напа, советник во одделот за развој на полицијата при ОБСЕ изврши кратка презентација за Локалниот совет за превенција како тело кое ќе ја олесни имплементацијата на концептот за соработка помеѓу полицијата и заедницата.

Целта на Локалниот совет е да ги актуелизира и превенира негативните појави. Тема на интерес на Локалниот совет за превенција се алкохолизмот, наркоманијата, кражбите, меѓучовечките односи и се она на што граѓаните или институциите сметаат дека треба да му се обрне внимание. Исто така, локалниот совет за превенција ќе врши координација  на локалните инволвирани лица, дијагноза на работите кои загрижуваат во поглед на безбедноста, ќе иницира носење на стратегија  за решавање на локалните проблеми, а ќе спроведува и заеднички работни (акциони) планови поддржани од партнерите со конкретни решенија.

Ова тело го сочинуваат претставници на локалната и централната власт како и претставници од владини и невладини организации.

# СЕ ОСВЕТИ ЦРКВАТА "СВ. ПРЕОБРАЖЕНИЕ" НА ТЕФЕРИЧ



Во Ноември, Архиепископот Охридски и Македонски, Г.Г. Стефан со повеќемина свештенослужители го изврши торжествениот, богослужбен чин за осветување на црквата "Св. Преображение" во месноста Теферич. На чинот на осветување на црквата присуствуваше и градоначалникот Марјан Ѓорчев, кој заедно со Поглаварот на МПЦ, Неговото Блаженство, Г.Г. Стефан ја потпиша повелбата за осветување на новиот дом Божји. Веднаш потоа високите свештени лица одржаа света архиерејска литургија.

Студеното време и дождот не ги спречи големиот број верници да присуствуваат на чинот на осветувањето и да го изразат своето задоволство што конечно и овој дел од општината Кисела Вода доби црква. Црквата "Св. Преображение" е со висина од осум метри и широчина од пет метри, а во близина на црквата се изгради и камбанарија. Истовремено, општината Кисела Вода заедно со неколку спонзори партерно и хортикултурно го уреди околниот простор.

Оваа црква се градеше во изминатите три години, а средствата за нејзината изградба ги обезбедија општината Кисела Вода во соработка со неколку спонзори.

## КИСЕЛА ВОДА ГО ОДБЕЛЕЖА СВЕТСКИОТ ДЕН НА ХРАНАТА



Со цел одбележување на Светскиот ден на храната – 16-ти Октомври, општина Кисела Вода во соработка со Институтот за јавно здравје одржа кулинарски хепенинг во паркот „Фредерик Шопен". Со македонски традиционални јадења се претставија пет ресторани на неколку штандови, со цел да ја пренесат пораката на Светската здравствена организација, „Цените на храната од криза кон стабилност" со фокус на тоа што е здрава и безбедна храна.

Организаторите на оваа манифестација делеа промотивни матерјали со кои се потенцираше значењето на здравата и безбедна храна, а се презентираа и статистички податоци за труењата со храна и несаканите последици.

## МЛАДИТЕ ОД КИСЕЛА ВОДА СЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ДА ВОЛОНТИРААТ НИЗ СВЕТОТ

Општина Кисела Вода во соработка со Невладината организација “Волонтерски центар – Скопје” успешно го одбележаа Светскиот ден на волонтеризмот преку организирање на “Отворен ден на Волонтеризмот во Кисела Вода”. Со тричасовна кампања и презентација од страна на претставници на невладината организација повеќе од 50 млади луѓе беа запознаени со можностите за локално и меѓународно волонтирање.



Истовремено, младите се запознаа и имаа можност да слушнат како тече процесот на волонтирање во јавни и приватни институции во земјите од Европската Унија. Присутните имаа можност и да поразговараат со неколку странски волонтери кои живеат и волонтираат на територијата на општината Кисела Вода.

## УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА УЧАТ ДА ПРОИЗВЕДУВААТ ОРГАНСКА ХРАНА

Општина Кисела Вода во соработка со компанијата “Интернационал Валуе Агенски” од Скопје започна да го реализира проектот “Да ги обучиме децата да го направат вистинскиот избор за себе и за животната средина”. Целта на проектот е едукација на наставниците и учениците од основните училишта за можностите и потребата за запознавање на процесите и условите на производство на здравата, особено органската храна и добробитта од употреба на ваква-та храна. Проектот, кон крајот на 2011 година започна да се реализира најпрвин во основното училиште “Св. Климент Охридски” во селото Драчево, а во текот на 2012 година ќе се реализираат информативни предавања и во останатите седум основни училишта во општината.



## СО ПРОДАЖЕН БАЗАР СЕ ОДБЕЛЕЖА МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП



Општината Кисела Вода се вклучи во одбележувањето на Меѓународниот ден на хедикепираните лица - 3-ти Декември преку ко-организација на продажен базар во Посебното основно училиште “Д-р Златан Сремац” – Скопје. Хуманитарниот продажен базар се организираше со цел да се соберат донации и средства кои ќе се искористат за потребите на учениците, како и за набавка на материјали за работилници.

На продажниот базар учество зема и општината Кисела Вода со доброволен прилог и со изложување на различни артикли, кои се продаваа по симболични цени. Меѓународниот ден на хедикепираните лица се одбележа со пригодна програма организирана од наставниот и ученичкиот кадар на училиштето, по што следеше хуманитарниот продажен базар на кој посетителите можеа да купат дел од донираните артикли и сувенири.

## “КАПКА КРВ СПАСУВА ЖИВОТ”

Под мотото “Капка крв спасува живот” и “Крвта треба да ги чека пациентите, а не пациентите да ја чекаат крвта”, општината Кисела Вода во соработка со Општинската организација на Црвен Крст – Кисела Вода организираше неколку крводарителски акции во просториите на општината и неколку месни заедници. Преку 300 хумани луѓе, вклучително и претставници од општинската администрација и месните заедници на дело го покажаа своето човекољубие и даруваа од оваа драгоцена течност.



# МАЛИ ОЛИМПИСКИ ИГРИ ВО ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА



Во периодот од 14.02 - 04.03. 2011 година, Општина Кисела Вода беше домаќин на Малите олимписки игри 2011, кои се одржаа на иницијатива на Македонскиот олимписки комитет и општината Кисела Вода заради развивање на олимпискиот дух кај најмладата популација. Во предолимписката година, Општина Кисела Вода го доби приматот за организирање на малите олимписки игри на нејзината територија, пред сè заради перманентното инвестирање во спортот и спортските активности кај младата популација. Во тринеделната спортска манифестација учество земаа голем број на ученици од сите осум основни училишта во општината, како и учениците од Посебното основно училиште “Златен Сремац” и државното училиште за лица со оштетен вид “Димитар Влахов”, кои се наоѓаат на територијата на општината.



Се одиграа куп (елиминациони) натпревари во колективните спортови мал фудбал, кошарка и одбојка, натпревари во индивидуалните спортови шах и пинг-понг, како и натпревари во спортските игри за децата со посебни потреби. Специјален гостин на финалните средби и завршната церемонија на малите олимписки игри 2011, беше и Британскиот амбасадор во Р.М., Кристофер Ивон, кој од сè срце го поздрави овој настан и посака на следните олимписки игри, кои ќе се одржат во Лондон, Македонската олимписка делегација да оствари видни резултати.

Во текот на тринеделното чествување на спортот и Олимпизмот во Општина Кисела Вода премиерно се прикажа и документарниот филм за легендата на македонското планинарство, Димитар Илиевски – Мурато, кој беше во продукција на Македонскиот олимписки комитет, а авторски потпишан од Златко Калински. Општината Кисела Вода со цел да го доближи Олимпизмот кај најмладите распиша литературен и ликовен конкурс по повод Малите олимписки игри 2011, на тема “Растеме и спортуваме во олимписки дух”, на кој учество земаа голем број ученици од основните училишта во општината.



## УЧИЛИШЕН СПОРТ



И во 2011 година, општината Кисела Вода успешно ја организираше сезоната во училишниот спорт. Беа анимирани сите осум основни училишта кои егзистираат на територијата на Општината. Преку меѓуодделенските натпревари во повеќе колективни и индивидуални спортови беа селектирани преку 1000 ученици, кои се натпреваруваа во лига систем во колективните спортови фудбал, кошарка, ракомет и одбојка, а годинава за првпат се реализираше и шаховската лига во рамките на училишниот спорт. Во фудбалското финале, поуспешна беше екипата на ОУ "Партение Зографски", кошаркарското дерби го добија учениците од ОУ "Партенија Зографски", додека приматот во одбојката им припадна на учениците од ЦОУ "Круме Кепески". Веќе подолго време неприкосновени во ракометот се учениците на ОУ "Клумент Охридски". На првопласираните четири екипи во машка и женска конкуренција во секој, дресови со логото на општината и соодветното училиште им додели градоначалникот Марјан Ѓорчев, кој на учениците им посака многу успеси во училиштето, но и на полето на спортот.



## ПРОМОВИРАН "СВ. ЃОРЃИ" – КУПОТ НА КИСЕЛА ВОДА

Општина Кисела Вода во 2011 година за прв пат го организираше Купот на општина Кисела Вода - ,,Св Ѓорѓи". Во Купот учество земаа селекциите на таленти од основните училишта од општината Кисела Вода, Аеродром, Центар и Гази Баба, кои се натпреваруваа во трите колективни спортови фудбал, кошарка и одбојка. Во полните спортски сали ,,Независна Македонија" и ,,Архиепископ Доситеј", посетителите можеа да видат плејада на таленти, квалитетни натпревари,





радост за победите и тага за изгубениот натпревар, спортски морал кај учениците, коректно навивање, фер-плеј на актерите, добро водење на селекциите од страна на селекторите-професорите по физичка култура. Инаку, во фудбал триумфираше селекцијата на „Кисела Вода“, најдобри во кошарката беа учениците од „Центар“, додека пак неприкосновена во одбојката беше селекцијата на талентирани ученички од општината Аеродром. Купот „Св Ѓорѓи“ чиј покровител е градоначалникот Марјан Ѓорчев во иднина ќе има традиционален карактер и ќе се одржува во Мај по повод патрониот празник на општината „Ѓурѓовден“.

## МЕМОРИЈАЛНИОТ ТУРНИР “БОБАН ТРПКОВ” ОДБЕЛЕЖА МАЛ ЈУБИЛЕЈ

Во Ноември, по десетти пат се одржа традиционалниот меморијален турнир во мал фудбал “Бобан Трпков 2011”, во организација на здружението на граѓани “Бобан Трпков”, а под генерално покровителство на општина Кисела Вода. Во конкуренција на 4 екипи, составени од професионалци – вработени во Министерството за внатрешни работи, најдобри беа претставниците на Единицата за брзи интервенции, кои во финалето беа подобри од екипата на Единицата за специјални задачи, додека пак, третопласирани беа екипите на полициската станица Драчево и тимот на “Алфа”.



Традиционално, се одржа и ревијален натпревар на кој учество зедоа екипите на агенциите за обезбедување “Лупус” и “Никоб”.

На меморијалниот турнир претходеше положување на свежо цвеќе и оддавање почит пред споменикот на Бобан Трпков, кој се наоѓа пред истоимената урбана заедница во н. Драчево.

# СЕ ПРОМОВИРАШЕ НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА МОНОГРАФИЈА ЗА РАЗВОЈНИТЕ ТЕНДЕНЦИИ НА ФИЗИЧКАТА АКТИВНОСТ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ВО ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА



Големата сала во Општина Кисела Вода беше премала да ги собере сите заинтересирани граѓани, ученици, спортски педагози и вљубеници во спортот, кои присуствуваа на промоцијата на научно-истражувачката монографија: “Развојни тенденции на некои антропометриски, функционални, моторни показатели и социо-економскиот статус кај учениците од двата пола од 6 до 14 годишна возраст од основните училишта во општина Кисела Вода”.

Монографијата е производ на повеќемесечно истражување на популациското здравје на 4013 ученици од сите осум основни училишта во општината Кисела Вода, извршено од тим составен од преку 40 универзитетски професори, професори по физичко образование, истражувачи и соработници, а директно поддржано од општината Кисела Вода и Унијата на спортски педагози – Кисела Вода. -“Кај секое дете освен матичните податоци можна е евиденција и следење на антропометриските параметри, функционалните мерки, телесниот состав, аеробниот капацитет и моторните способности кои автоматски се вреднувани врз основа на референтни критериуми за секој внесен параметар во однос на возраста и полот, при што секое дете добива личен картон за моменталната состојба на сите мерени параметри, кои може да ги спореди во однос на останатите ученици на иста возраст и пол”- информираше д-р Серјожа Гонтарев, еден од авторите на трудот.

На промоцијата на трудот свое обраќање имаше и главниот промотор и поддржувач на овој проект, градоначалникот на општина Кисела Вода, Марјан Ѓорчев, кој го оцени овој истражувачки проект како пионерски потфат во Република Македонија. Ѓорчев се заблагодари на авторите на овој значаен труд и им порача да останат во спортот, да продолжат со добрата работа и со ваков ентузијазам и посветеност да ги реализираат и останатите предвидени проекти.



Промоцијата на монографијата заврши со делење на плакети и признанија за сите оние кои придонеле во изготвувањето на овој научно – истражувачки труд.

## БЕСПЛАТНИ СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ ВО ГРАДИНКИТЕ ВО ОПШТИНАТА КИСЕЛА ВОДА

Проектот за активности по физичко воспитување во градинките, кој е инициран од градоначалникот на Општина Кисела Вода, Марјан Ѓорчев продолжи да се реализира и во 2011 година. Проектот го реализираат претставници од Унијата на спортски педагози – Кисела Вода, а со него се опфатени сите деца на возраст од 3 до 5 години во градинките “8-ми Март” и “Весели Цветови”.

Основната цел на овој проект е да го поттикнува сестраниот психосоматски



развој на децата, да ја развива здравствената култура во насока на зачувување и унапредување на сопственото здравје и здравјето на околината, да ги задоволи детските потреби за движења, односно од физичка активност со што би се здобиле со навики за секојдневно физичко вежбање.

Проектот се реализира преку одржување на бесплатни активности по физичко воспитување еднаш неделно во секој објект на градинките и со секоја група пооделно. Водителите на спортските програми кои се професори по физичко и здравствено воспитание и образование ги запознаваат децата со основните чекори на гимнастиката, атлетиката, игрите со топка, боречки спортови низ игра, елементарни и штафетни игри, народни игри и ора, класични и модерни танци, шаховска едукација, аеробик, а се реализираат и индвидуални програми за деца со пречки во развојот.

# КУЛТУРНО ЛЕТО “ТРИ КРУШИ 2011”



Општина Кисела Вода ја продолжи традицијата и во 2011 година во летниот период ја организираше културната манифестација, културно лето “Три круши”. Во двомесечниот период, додека траеше манифестацијата се дружевме, забавуваме, запознавме други култури, традиции, обичаи. Се одржаа вкупно 18 манифестации на кои продефилираа неколку стотини естрадни уметници, театри, ансамбли од земјава и странство, актери и хумористи. Овој пат детскиот фестивал “Три Круши” се организираше под мотото “Пееме за светот”.

По втор пат се одржа Етно фестивалот – “Етно фест Три Круши”, на кој се претставија реномирани македонски пејачи, а за првпат се организираше и интернационален фестивал во хорско пеење, на кој учество земаа камерни хорови од Македонија и од неколку европски држави. Оваа културна манифестација чиј покровител е градоначалникот Марјан Ѓорчев и Советот на општината, од сите релевантни фактори е оценета како најпосетена манифестација со преку 40 илјади посетители.



## "ЗА ДОЧЕК НА НОВАТА 2012 ВО ДРАЧЕВО, ДА ГО ИСПРАЗНИМЕ БАРДАЧЕВО!"



Со ова мото, Општина Кисела Вода за првпат организираше манифестација за дочек на Новата година во населбата Драчево. Одличната забава не ја пропуштија повеќе од 20.000 посетители, кои во друштво на градоначалникот Ѓорчев уживаа во питко вино, голема гозба и убава македонска музика. На плоштадот во населбата Драчево за новогодишната ноќ се служеше бесплатно прасечко месо, бесплатни пијалоци, а огромна атракција беше печењето на трите вола. За добрата забава се погрижија квартетот Пламенка Трајковска и Мики Јовановски Џафер. Атмосферата ја вжештија Сузана Спасовска и Елена и Ламбе, а Новата година, посетителите ја дочекаа со песните на Војо Стојановски.

На новогодишната прослава и претходеше целодневна предновогодишна прослава во која главната ролја ја имаа најмладите жители на општината.






ОПШТИНА
**КИСЕЛА ВОДА**

Издавач: Општина Кисела Вода

Работен тим: Марјан Спасески, Марјан Стојанчевски, Елизабета Тасевска, Роза Филиповска, Стојка Тасевска, Сузана Крстевска, Каролина Сенкова, Весна Димова, Марија Захова, Гоце Димитровски, Славица Илиевска, Наташа Анастасовска, Александра Силјановска, Игорче Арсовски, Стојан Здравевски, Игор Митревски, Лила Здравеска.

Подготвил: Марјан Спасески

Општина Кисела Вода

2012 година